Уп. Бр.08-112/2023

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од ЦЦ Беверицес Холдингс II Б.В. (CC Beverages Holdings II B.V.), со регистрирано седиште на Радарвег 60, 1043 HT, Амстердам, Холандија, преку Адвокатско друштво Поленак од Скопје, на седницата одржана на ден 20.09.2023 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата со која ЦЦ Беверицес Холдингс II Б.В. (CC Beverages Holdings II B.V.), со регистрирано седиште на Радарвег 60, 1043 HT, Амстердам, Холандија ќе стекне самостојна контрола *над* Браун-Форман Финланд Оу (Brown-Forman Finland Oy), со регистрирано седиште на Порккаланкату 24, 00180 Хелсинки, Финска по пат на купопродажба на удели, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на ден 28.07.2023 година, дополнето на 11.08.2023 година и на 23.08.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од ЦЦ Беверицес Холдингс II Б.В. (CC Beverages Holdings II B.V.), со регистрирано седиште на Радарвег 60, 1043 HT, Амстердам, Холандија со која ЦЦ Беверицес Холдингс II Б.В. ќе стекне самостојна контрола над Браун-Форман Финланд Оу (Brown-Forman Finland Oy), со регистрирано седиште на Порккаланкату 24, 00180 Хелсинки, Финска по пат на купопродажба на удели

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**ЦЦ Беверицес Холдингс II Б.В.** е холдинг друштво, чија регистрирана дејност е дејности на холдинг друштва.

**ЦЦ Беверицес Холдингс II Б.В** е зависно друштво на Кока-Кола Хеленик Боттлинг Компани АГ (Coca-Cola Hellenic Bottling Company AG) (“**Кока-Кола ХБК**”)**.** Кока-Кола ХБК е овластен флашувач на Кока-Кока Компани (The Coca-Cola Company) која произведува, пласира и продава пијалоци со брендот Кока-Кола и други пијалоци во Евроазија и Африка.

Кока-Кола ХБК има XXX[1] учество во едно друштво во Северна Македонија - Трговско друштво за пиво, слад, оцет, алкохолни и безалкохолни пијалаци ПИВАРА СКОПЈЕ АД Скопје, со регистрирано седиште на ул. 808 бр. 12, Скопје – Гази Баба кое произведува, дистрибуира и продава различни категории и брендови на алкохолни и безалкохолни пијалоци на територијата на Северна Македонија, кои се состојат главно од газирани и негазирани пијалоци, пиво, вода и енергетски пијалоци.
Пивара Скопје моментално ги произведува и/или дистрибуира и продава во Република Северна Македонија следните производи:

- Пијалоци произведени локално и дистрибуирани од Пивара Скопје: безалкохолни газирани пијалоци (како што се: Coca Cola, Fanta, Sprite, Schweppes), соковите Still Next Joy и пивата Skopsko, Gorsko, Amstel, и Lashko.
- Пијалаци кои ги увезува и дистрибуира Пивара Скопје: пивата Bira Morretti и Heineken, сајдери, вода Rosa (негазирана и газирана), леден чај Fuze Tea, Next Lemonade, енергетски пијалоци Monster Energy како и премиум жестоки пијалоци.

Дистрибуцијата на премиум жестоки пијалоци и газирана вода биле додадени во портфолиото на Пивара Скопје во 2022 година.

ПИВАРА СКОПЈЕ АД Скопје започнала со дистрибуција на вотката Skyy Vodka во Северна Македонија во јануари 2023 година.

**Браун-Форман Финланд Оу** произведува и дистрибуира вотка под брендот „Finlandia“.

---

[1] Податоците претставуваат деловна тајна

XXX. Браун-Форман Финланд Оу ги продава вотките Finlandia Vodka и Finlandia Flavored Vodka во Северна Македонија XXX.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 в) (i) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**